*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ИП1Број: 64-57
Датум: 01.03.2017 год.
Скопје

Овластениот градежен инспектор на Општина Карпош врз основа на член 134, став 1, алинеа 1 од Законот за градење („Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016 и 132/2016), и член 42 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14,33/15, 193/15 и 53/16), по извршениот инспекциски надзор кај Непознат инвеститор во поглед за отстранување на недостатоците утврдени со записникот ИП1бр. 64-57 од 24.02.2017 год. донесе :

## Р Е Ш Е Н И Е

(1) **СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР**, да ги **ОТСТРАНИ НЕДОСТАТОЦИТЕ** утврдени со записникот ИП1бр. 64-57 од 24.02..2017 год. и тоа :

1. Градба од втора категорија – приземна градба – сервис, на КПбр. 566/1, КО Карпош во Скопје

**ВО РОК ОД ПЕТ ДЕНА** од денот на приемот на ова Решение.

(2) Ако градбата не се отстрани во определен рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбите.

(3) Трошоците за извршување на Решението се надоместуваат од извршеникот.

(4) Жалбата против ова Решение не го одлага извршувањето на Решението.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор при Општина Карпош – Скопје, по службена должност изврши вонреден инспекциски надзор на ден 23.02.2017 година при што на лице место е оставена покана за странка за ден 24.02.2017 год., да се отповика инвеститорот во 09.00 часот во просториите на Општина Карпош. На поканата никој не се отповика.

Од извршениот вонреден увид констатирано е дека непознат инвеститор без Одобрение за градење гради градба од втора категорија – приземна градба – сервис, на КПбр. 566/1, КО Карпош во Скопје, со димензии 12.00 x 8.70 m и висина H = 4.70 – 5.20 m која се состои од носечки метални профили, затворена со поцинкован лим, со едноводен кров покриен со поцинкован ребраст лим, поставена на бетонска плоча со димензии 12.40 x 8.70 m и висина H = 0.20 m.

За утврдената состојба изготви записник ИП1бр. 64-57 од 24.02.2017 год. со наод за утврдената фактичка состојба. (Ознаката од Дневникот на овластениот градежен инспектор е број 13 ).

Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување, согласно со член 137, став 4 од Законот за градење

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :**Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

Решено во Општина Карпош под ИПбр. 64-57 од 01.03.2017 год.

ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР
Данче Поповска, дги